**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**

**Shoqëria aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE TË NACIONALE Shkup në pronësi shtetërore**

Бул. Св. Климент Охридски 58 Б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост
Shoqëria aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike RESURSET ENERGJETIKE TË NACIONALE Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 01-3037/1
28-12-2020 год. viti
Скопје-Shkup

**ГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА (ГИП)**

**на НЕР АД Скопје за 2021 година**

Скопје, декември 2020 година

Врз основа на член 17 од Статутот на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, Одборот на директори педесет и првата седница, одржана на 28.12.2020 година, по точка 3 од дневниот ред донесе:

## ГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА (ГИП)

## на НЕР АД Скопје за 2021 година

Согласно плановите и програмите за работа на НЕР АД Скопје, Друштвото изработи Годишна инвестициона програма за 2021 година во која се наведени планираните набавки на основни средства и инвестициони вложувања согласно обезбедените средства за 2021 година.

Табела 1 – Планирани набавки на основни средства, инвестиции и инвестициски вложувања за 2021 година

| Ред. бр. | ОПИС | Износ (денари) |
|---|---|---|
| **1** | **Основни средства за НЕР АД Скопје** | **3.540.000** |
| 1.1. | Компјутери, сервери и ИТ опрема | 800.000 |
| 1.2. | Канцелариски мебел | 1.000.000 |
| 1.3. | Набавка на патничко возило | 800.000 |
| 1.4. | Софтвер за електронска архива | 70.000 |
| 1.5. | Систем за евиденсција на работно време | 100.000 |
| 1.6. | Набавка на дрон | 70.000 |
| 1.7. | Набавка на GPRS навигација | 30.000 |
| 1.8. | Инструмент за детекција на неконтролирано испуштање на природен гас | 60.000 |
| 1.9. | Софтвер за сметководство | 100.000 |
| 1.10. | Лого | 60.000 |
| 1.11. | Набавка на Лиценци за Windows оперативен систем | 160.000 |
| 1.12. | Лиценцирани софтвери (апликативни софтвери, антивирусна заштита и сл.) | 250.000 |
| 1.13. | ИП телефонија | 40.000 |
| **2** | **Дополнителни инвестициони вложувања и трошоци за проектите кои се во реализација (Градба на Магистрален гасовод Штип-Неготино, Неготино – Битола и Скопје - Гостивар)** | **144.000.000** |
| **2.1.** | **Лот 2** | |
| 2.1.1. | Експропријација | 15.000.000 |
| **2.2.** | **Лот 5** | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.2.1. | Експропријација | 100.000.000 |
| **3** | Унифицирање и проектирање на системот за управување и контрола со диспечерски центар (SKADA систем) | 14.000.000 |
| **4** | Ревизија на Проектот за систем за управување и контрола | 2.000.000 |
| **5** | Набавка на геодетски-катастарски услуги | 2.000.000 |
| **8** | **Набавка на природен гас** | 10.000.000 |
| **9** | **Набавка на инертен гас (азот)** | 1.000.000 |
| | **Идни Проекти** | **187.785.000** |
| **10** | **Интерконекција МК-ГР** | |
| 10.1. | Дополнителни инвестициони вложувања и инвестициски т-ци за реализација на Проектот за изградба на интерконективен вод на Република Северна Македонија со Грција (експропријација и непредвидени т-ци) | 50.000.000 |
| **11** | **Магистралниот гасовод Делницата 8 „Свети Николе-Велес“** | |
| 11.1. | Изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект за Делница „Свети Никола-Велес“ | 17.500.000 |
| 11.2. | Ревизија на проектна документација за, магистралниот гасовод Делницата 8 „Свети Николе-Велес“ | 2.285.000 |
| 11.3. | Инвестициски т-ци за магистралниот гасовод Делницата 8 „Свети Николе-Велес“ (експропријација и непредвидени т-ци) | 10.000.000 |
| **12** | **Магистрален гасовод, Делница „Гостивар-Кичево“** | |
| 12.1. | Инвестициски т-ци на магистрален гасовод, Делница „Гостивар-Кичево“ (експропријација и непредвидени т-ци) | 50.000.000 |
| **13** | **Магистралниот гасовод Делницата 7 „Кичево-Охрид“** | |
| | Изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект за Делница 7 „Кичево-Охрид“ | 20.000.000 |
| | Ревизија на проектна документација за, магистралниот гасовод Делницата 7 „Кичево-Охрид“ | 3.000.000 |
| | **Магистралниот гасовод Делницата 6 „Битола-Охрид“** | |
| 13.1. | Изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект за Делница 6 „Битола-Охрид“ | 25.000.000 |
| 13.2. | Ревизија на проектна документација за магистралниот гасовод Делницата „Битола-Охрид“ | 3.500.000 |
| **14** | **Магистралниот гасовод „крак Кавадарци“** | |
| 14.1. | Изработка на проектна документација за, магистралниот гасовод „крак Кавадарци“ | 2.000.000 |
| 14.2. | Ревизија на проектна документација за, магистралниот гасовод „крак Кавадарци“ | 200.000 |
| **15** | **Магистралниот гасовод „крак кон ТЕЦ Неготино“** | |

| | | |
|---|---|---|
| 15.1. | Изработка на Инфраструктурен проект, Студија/Елаборат за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект за изградбата на „крак кон ТЕЦ Неготино“ | 2.000.000 |
| 15.2. | Ревизија на проектна документација за, магистралниот гасовод „крак кон ТЕЦ Неготино“ | 300.000 |
| **16** | Изработка на Инфраструктурен проект, Студија/Елаборат за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект за изградбата на делници за поврзување на Технолошко индустриска развојна зона во Штип | 1.800.000 |
| | Ревизија на проектна документација за поврзување на Технолошко индустриска развојна зона во Штип | 200.000 |
| **17** | **Инвестиции од странски кредити (Обезбедени средства)** | **747.000.000** |
| 17.1. | Градба на Магистрален гасовод Штип-Неготино, Неготино – Битола и Скопје - Гостивар | 704.000.000 |
| | Неготино – Битола | |
| | Скопје - Гостивар | |
| 17.2. | Надзор над изградба на гасоводен систем на Република Македонија Делници „Неготино (Кавадарци)–Битола” и „Скопје–Тетово–Гостивар” | 33.000.000 |
| 17.3. | Испитување прв технички преглед пред ставање во употреба на Магистрален гасовод за Делница Неготино(Кавадарци)- Битола и Делница Скопје- Тетово -Гостивар | 6.000.000 |
| 17.4. | Испитување прв технички преглед пред ставање во употреба за за електро работи и катодна заштита3 на Магистрален Гасовод за Делница 1 „Клечовце -Блок Станица 5“, Делница 2 „Неготино(Кавадарци)- Битола“ и Делница 5 „Скопје – Тетово-Гостивар“ | 4.000.000 |
| **18** | **Вложувања во акции за зголемување на капиталот** | **2.020.000.000** |
| **19** | **Непредвидени инвестициски трошоци** | **10.000.000** |

Табела 2 – Збирна табела на инвестиции

| **Ред. бр.** | **Рекапитулар за Инвестиции** | **Износ (денари)** |
|---|---|---|
| 1 | Основни средства за НЕР АД Скопје | 3.540.000 |
| 2 | Инвестиции од странски кредити (Обезбедени средства) | 747.000.000 |
| 3 | Дополнителни инвестициони вложувања и трошоци за проектите кои се во реализација (Градба на Магистрален гасовод Штип-Неготино, Неготино – Битола и Скопје - Гостивар) | 144.000.000 |
| 4 | Идни проекти | 187.785.000 |
| 5 | Вложувања во акции за зголемување на капиталот | 2.020.000.000 |
| 6 | Непредвидени инвестициски трошоци | 10.000.000 |
| | **Вкупно** | **3.112.325.000** |

**Финансирање**

Средствата за реализација на Годишна инвестициона програма (ГИП) за 2021 година се обезбедени од пренесените средствата од 2020 година, од заем согласно Договор за подзаем бр. 05-1977/1 од 11.12.2015 година и Анекс бр.1 кон Договорот за подзаем, арх.бр. 03-1869/1 од 05.12.2016 година склучен меѓу Министерство за финансии на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија, Министерство за транспорт и врски и МЕР АД Скопје, од заем согласно Договорот за заем помеѓу Владата на Република Северна Македонија и НЕР АД Скопје со наш бр. 05-5347/1 од 25.12.2019 година, како и од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година преку Министерството за економија, Подпрограма 3Д-Гасификација со емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда.

**Период на реализација и извори на финансиски средства**

Годишната инвестициона програма на НЕР АД Скопје за 2021 година е изработена врз основа на можностите за обезбедување на финансиски средства за реализација на инвестиционите активности и согледувањата за потребните приоритетни инвестициони зафати базирани на програмските определби и актите на Владата на Република Северна Македонија.

Планираните инвестициски активности за 2021 година се состојат од инвестирање во изградба на нови енергетски објекти, изработка на студии и инвестиционо техничка документација, набавка на основни средства, осовременување во работењето во организационите единици на Друштвото, како и капитални вложувања.

Годишната инвестициона програма за 2021 година е изработена врз основа на согледаните можности за обезбедување на финансиски извори и тоа:

- Основни средства за НЕР АД Скопје - 3.540.000,00 денари
  - Реализација: Парцијално во текот на 2021 година согласно плановите и програмите на НЕР АД Скопје за реализација на набавките.
  - Средства: Сопствени средства

- Инвестиции од странски кредити (реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија – фаза 1 - делница Штип – Неготино - Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар") - 747.000.000,00 денари
  - Реализација: Во текот на целата 2021 година (повеќегодишна набавка)
  - Средства: Обезбедени согласно Договор за подзаем бр. 05-1977/1 од 11.12.2015 година и Анекс бр.1 кон Договорот за подзаем, арх.бр. 03-1869/1 од 05.12.2016 година, обезбедени во Буџетот на Р. С. Македонија за 2021 година.

- Дополнителни инвестициони вложувања - 144.000.000,00 денари
  Реализација: Во текот на целата 2021 година согласно плановите и програмите на НЕР АД Скопје за реализација на набавките
  Средства: Сопствени средства

- Идни проекти - 187.785.000,00 денари

Реализација: Во текот на целата 2021 година согласно плановите и програмите на НЕР АД Скопје за реализација на набавките
Средства: Сопствени средства

- Вложувања во акции за зголемување на капиталот – 2.020.000.000,00 денари
  Реализација: 2021 година, по спроведување на постапка за вложување во акции согласно законските регулативи во Р. С. Македонија
  Средства: Заем согласно Договорот за заем бр. 05-5347/1 од 25.12.2019 година

Вкупната вредност на планирани основни сресва, инвестиции и инвестициони вложувања за 2021 година на НЕР АД Скопје се во висина од 3.112.325.000,00 денари.

Годишна инвестициона програма (ГИП) за 2021 година на НЕР АД Скопје се базира на плановите и програмите за работа на Друштвото, засновани на препораките и укажувањата на Владата на Република Северна Македонија како единствен акционер на НЕР АД Скопје, а при неговата изработка запазени се законските и подзаконските регулативи во Република Северна Македонија.

Работењето на НЕР АД Скопје и исполнувањето на добиените генерални насоки во голема мера не зависи само од Друштвото, туку е поврзано и со други субјекти и зависи од нивниот однос и пристап. Поради тоа при изработката на ГИП-от за 2021 година е пристапено со крајно внимание. Притоа, во предвид се земени сите околности, водејќи сметка да бидат опфатени сите активности кои можат да се предвидат, а со тоа да се овозможи Друштвото во секој момент да биде подготвено за прифаќање и реализација на активностите поврзани со реализацијата на Националната стратегија за гасификација на Република Северна Македонија.

За реализација на тековните инвестициони вложувања кои не се предвидени во Годишната инвестициона програма за 2021 година на НЕР АД Скопје, Друштвото ќе ги реализира со измена и дополнување на Финансискиот план за 2021 година и Годишната инвестициона програма за 2021 година на НЕР АД Скопје, одобрени од страна на Одборот на директори на Друштвото.

Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост за 2021 година ќе се реализира согласно динамиката содржана во плановите и програмите за работа на НЕР АД Скопје за 2021 година.

Изработил:

Виолета Анѓелеска Спасова
Сектор за економско-финансиски работи

НЕР АД Скопје
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
Александра Маројевиќ